# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 1/26
## 13.01.2026 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/1**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ” бр. 202/24),член 80 а од Законот за градење („ Службен весник на РМ “ бр. 130/09, 124/10, 18/11, ... 168/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 , 111/23 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25 ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино**

**Член 1**

Во Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино **бр.08-440/11** од **16.06.2023** година се вршат следните измени:

**Текстуален дел:**

Дополнување со точка: **2.17 Паркиралишта за велосипеди**
Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди.

**Графички дел:**
-Локација за поставување на паркиралишта за велосипеди на КП бр. 11128/1.

Со оваа програма се уредуваат видовите на урбана опрема и локалитетите на кои може да се поставува урбаната опрема.Програмата содржи текстуален и графички дел.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08- 14/3** **Совет на општина Неготино**
**12.01.2026 година** **Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Општински енергетски план за 2026 година на општина Неготино**

Се објавува **Општински енергетски план за 2026 година на општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/2**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 ст.1 т.1 и член 62 ст.1 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник РМ “ бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ 3 бр. 202/24) и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/1413/20 и 3/22,), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година го донесе следниот

**Општински енергетски план за 2026 година на Општина Неготино**

| Ред бр | Проект/активност | Цел | Финансирано од | Корисник | Приближна вредност на инвестицијата (€) | Период на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изградба на фотонапонска централа 0,9 MW на КП 1000/13 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |
| 2 | Изградба на фотонапонска централа 0,8 MW на КП 1000/14 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |
| 3 | Изградба на фотонапонска централа 0,9 | Производство на електрична енергија од обновливи | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | MW на КП 1000/5 КО Неготино | извори | | др. ДОО Кавадарци | | | примена на обновливи извори на енергија |
| 4 | Изградба на фотонапонска централа 0,8 MW на КП 1000/4 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |
| 5 | Изградба на фотонапонска централа 0,7 MW на КП 1000/3 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |
| 6 | Изградба на фотонапонска централа 0,5 MW на КП 1000/15 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |
| 7 | Изградба на фотонапонска централа 0,3 MW на КП 1000/16 | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновлив |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КО Неготино | | | | | | и извори на енергија |
| 8 | Изградба на фотонапонска централа 0,2 MW на КП 1000/17 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |
| 9 | Изградба на фотонапонска централа 0,2 MW на КП 1000/18 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |
| 10 | Изградба на фотонапонска централа 0,2 MW на КП 1000/19 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |
| 11 | Изградба на фотонапонска централа 0,4 MW на КП 1000/20 КО Неготино | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА и др. ДОО Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | енергија |
| 12 | Изградба на фотонапонска централа 0,212 MW на КП 1011 КО Курија | Производство на електрична енергија од обновливи извори | Сопствени средства | ДПТГУ ЛЕТПРОМ ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци | Непознато | 2026 | Заштеда на енергија, примена на обновливи извори на енергија |

бр.08- 14/4
12.01.2026 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2026 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2026 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/3**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр .5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр .202/24 ) и член 79 став 1 точка 30 од Статутот на општина Неготино ( Сл.гласник на општина Неготтино “ бр . 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2026 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**

**Член 1**

Се дава согласност на **Финансиски план и програма за работа за 2026 година на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино** бр. 05-131/1 од 12.12.2025 година донесен од Директорот на **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “** Неготино.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „ **Службен гласник на Општина неготино “** .

**бр.08- 14/5**
**12.01.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**13.01.2026 година** **Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22) , член 26 и и 26-а од Закон за јавни претпријатија ( „ Сл. весник на РМ “ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 9/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 „ Сл.весник на РСМ “ бр. 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22, 208/24 и 193/25) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик , за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата , обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ( „ Сл. весник на РСМ “ бр.213/24 ) Советот на општина Неготино на седница одржана на ден **12.01.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За распишување на Јавен повик за пријавување на кандидати за избор на член на Надзорен одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**Член 1**

Општина Неготино распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на **Надзорен одбор на Јавното претпријатие „ Комуналец “ Неготино.**

**Член 2**

Јавниот повик ги содржи сите потребни податоци кои треба да ги исполнуваат заинтересираните кандидати, начинот на пријавување и избор согласно Законот за јавни претпријатија. Јавниот повик е составен дел на оваа одлука

**Член 3**

За избор на член на **Надзорен одбор на Јавното претпријатие „ Комуналец “ Неготино** , Советот на општина Неготино по предлог на Градоначалникот формира Комисија за селекција согласно закон.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08- 14/6**
**12.01.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино “**

Се објавува **Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино “,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **25.12.2025** година.

**Бр.09- 76/5**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 и 13/20 и 3/22) , член 26 и и 26-а од Закон за јавни претпријатија ( Сл. весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 9/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 , Сл.весник на РСМ бр. 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22, 208/24 и 193/25) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик , за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата , обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ( Сл. весник на РСМ бр.) Советот на општина Неготино на седница одржана на ден **12.01.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За распишување на Јавен повик за пријавување на кандидати за избор на член на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино**

**Член 1**

Општина Неготино распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на **Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино.**

**Член 2**

Јавниот повик ги содржи сите потребни податоци кои треба да ги исполнуваат заинтересираните кандидати, начинот на пријавување и избор согласно Законот за јавни претпријатија. Јавниот повик е составен дел на оваа одлу

**Член 3**

За избор на член на Надзорен одбор на **Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино,** Советот на општина Неготино по предлог на Градоначалникот формира Комисија за селекција согласно закон.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “**

**бр.08- 14/7**
**12.01.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,, Фемо Кулаков “ Неготино**

Се објавува **Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,, Фемо Кулаков “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/6**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ “ бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24 ), член 114 став 8 од Законот за заштита на децата ( „Службен весник на РМ ” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино ( „ Службен гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,, Фемо Кулаков “ Неготино**

**Член 1**

За членови на **Управниот одбор на ЈОУДГ ,, Фемо Кулаков “ Неготино** се именуваат следните лица:

Од членовите на Советот на родители:

- **Елеонора Стојкова**

Претставник од установата :

- **Валентина Сакламаева**

**Член 2**

Мандатот на именуваните лица изнесува 4 години со можност за повторен избор .

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08- 14/8** **Совет на општина Неготино**
**12.01.2026 година** **Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација на Автобуска постојка за учениците во ООУ „ Гоце Делчев - Неготино“**

Се објавува **Одлука за прифаќање донација на Автобуска постојка за учениците во ООУ „ Гоце Делчев - Неготино“,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/7**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 10 од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник “ бр. 05/02 и Службен весник на РСМ “ бр. 202/24) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Службен гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11 , 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За прифаќање донација на Автобуска постојка за учениците во ООУ „ Гоце Делчев - Неготино“**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата на **Алкито експорт-импорт ДООЕЛ Неготино.**

Донацијата се однесува за изведба на ***автобуска постојка*** за учениците кои користат автобуски превоз во ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино и имаат реална потреба за ваква постојка која би имала поголемо општествено значење и би придонела кон унапредување на условите за учениците во воспитно образовни процес.

**Член 2**

**Општина Неготино** и **Алкито експорт-импорт ДООЕЛ Неготино ( донатор )** ќе склучат договор за регулирање на меѓусебните права и обврски.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08- 14/ 9** **Совет на општина Неготино**
**12.01.2026 година** **Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2026 година на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур “ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2026 година на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур “ Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/8**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ “ бр. 202/24 ) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишната програма за работа за 2026 година на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур,, Неготино**

**Член 1**

Советот на општина Неготино ја усвои **Годишната програма за работа за 2026 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино** со бр. **01-116** од **24.12.2025** година.

**Член 2**

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08- 14/10**
**12.01.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за изменување на Решение за именување на член на Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

Се објавува **Решение за изменување на Решение за именување на член на Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/9**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 14 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ “ бр.05/02 “ и „ Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) , а во врска со член 8 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на РМ“ бр.79/09 и „Службен весник на РСМ“ бр.241/24) и член 79 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Сл. Гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**За изменување на Решение за именување на член во Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

**Член 1**

Во Решението бр.08-331/7 од 28.02.2025 година донесено од страна на Советот на општина Неготино се врши **измена** на членот во Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион.

**Член 2**

На местото член на Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион од општина Неготино **Марија Нацева** се именува нов член и тоа:

- **Васка Јованова – советник за аналитика и планирање во општина Неготино**

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08- 14/11** **Совет на општина Неготино**
**12.01.2026 година** **Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за задолжително интонирање на химната на РСМ во основните и средното општинско училиште во општина Неготино**

Се објавува **Одлука за задолжително интонирање на химната на РСМ во основните и средното општинско училиште во општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/10**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ “ бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24 ), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино ( „ Службен гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22 ), а во врска со поднесената Иницијатива од страна на градоначалникот на општина Неготино бр.08-57/1 од 12.01.2026 година Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За задолжително интонирање на химната на РСМ во основните и средното општинско училиште во општина Неготино**

**Член 1**

**Се задолжуваат** ООУ „ Гоце Делчев “, ООУ „ Страшо Пинџур “, ООМУ „ Владимир Арсовски “како и СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за интонирање на химната на РСМ во училиштата.

**Член 2**

Со оваа одлука се иницира еднаш неделно по можност секој понеделник на почетокот на наставниот ден, односно пред или за време на првиот час од наставата да се интонира химната на РСМ, со цел негување на државните вредности од страна на учениците.

**Член 3**

Целта на оваа Одлука е кај младите генерации да се развие чувство на самосвест за вредностите кои треба да ги негуваат кон својата држава и почитувањето на државните симболи.

**Член 4**

Одлуката се спроведува согласно важечките нормативи , применливи закони и подзаконски акти.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**Бр.08-14/12**
**12.01.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за задолжително консултирање на регистрираните младински здруженија и организации на територијата на општина Неготино пред донесување на одлуки кои директно или индиректно се однесуваат на младите**

Се објавува **Одлука за задолжително консултирање на регистрираните младински здруженија и организации на територијата на општина Неготино пред донесување на одлуки кои директно или индиректно се однесуваат на младите,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/11**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ “ бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24 ), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино ( „ Службен гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22 ), а во врска со поднесената Иницијатива од страна на советникот Филип Милев бр.08-55/1 од 12.01.2026 година Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **12.01.2026** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За задолжително консултирање на регистрираните младински здруженија и организации на територијата на општина Неготино пред донесување на одлуки кои директно или индиректно се однесуваат на младите**

### Член 1

**Се задолжуваат** органите на општина Неготино да воспостават трајна пракса според која при планирањето на секој иден проект, програма или иницијатива што планира општината да ја спроведе, а која директно или индиректно ги засега младите, задолжително да организираат консултативен состанок.

### Член 2

Консултативниот состанок ќе се одржува помеѓу органите на општината од една страна и од друга страна претставници на сите релевантни тела и здруженија кои се занимаваат со млади на територијата на општина Неготино.

### Член 3

Целта на овие консултатитвни состаноци е навремено вклучување на младите во процесот на креирање, планирање и реализација на општинските политики и проекти.

**Член 4**

Ваквата пракса ќе придонесе за поголема вклученост на младите во локалните процеси, а воедно и ќе се зголеми довербата помеѓу младите и општината со што ќе се унапреди целокупниот развој на локалната заедница.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**Бр.08-14/13**
**12.01.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош , ** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **12.01.2026** година.

**Бр.09- 76/12**
**13.01.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24 ), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на **12.01.2026** година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

### За доделување на еднократна парична помош

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следното лице :

1. **Менча Петрова од Неготино износ од 60.000,оо денари заради лекување во странство**

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**Бр.08-14/14**
**12.01.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 1/26


1. **Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино**
2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино**
3. **Заклучок за објавување на Општински енергетски план за 2026 година на општина Неготино**
4. **Општински енергетски план за 2026 година на општина Неготино**
5. **Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2026 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**
6. **Решение за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2026 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**
7. **Заклучок за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино**
8. **Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино**
9. **Заклучок за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**
10. **Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**

11. **Заклучок за објавување на Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино**
12. **Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино**

13. **Заклучок за објавување на Одлука за прифаќање донација на Автобуска постојка за учениците во ООУ „ Гоце Делчев - Неготино“**
14. **Одлука за прифаќање донација на Автобуска постојка за учениците во ООУ „ Гоце Делчев - Неготино“**

15. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2026 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино**
16. **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2026 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино**

17. **Заклучок за објавување на Решение за изменување на Решение за именување на член на Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**
18. **Решение за изменување на Решение за именување на член на Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

19. **Заклучок за објавување на Одлука за задолжително интонирање на химната на РСМ во основните и средното општинско училиште во општина Неготино**
20. **Одлука за задолжително интонирање на химната на РСМ во основните и средното општинско училиште во општина Неготино**

21. **Заклучок за објавување наОдлука за задолжително консултирање на регистрираните младински здруженија и организации на територијата на општина Неготино пред донесување на одлуки кои директно или индиректно се однесуваат на младите**
22. **Одлука за задолжително консултирање на регистрираните младински здруженија и организации на територијата на општина Неготино пред донесување на одлуки кои директно или индиректно се однесуваат на младите**

**23. Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**
**24. Решение за доделување на еднократна парична помош**